**Известување за концентрација со која Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола над ЕКОМАКС ДОО ВРЊАЧКА БАЊА, Република Србија**

**(предмет бр. 08-188 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 208/24 и 16/25), на ден 29.12.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија ќе стекне на непосредна поединечна контрола врз основниот капитал на ЕКОМАКС ДОО ВРЊАЧКА БАЊА со регистрирано седиште на улица Железничка 64, 36217 Врњци, Брњачка Бања, Република Србија.

**-Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград, Република Србија** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

**Поврзани лица на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград, Република Србија на известувањето на територијата на Република Северна Македонија**: се:

**-Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје**, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

-Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е **Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје**. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

**-Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје** („ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје“), со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност- сателитски телекомуникации.

**-ЕКОМАКС ДОО ВРЊАЧКА БАЊА, Република Србија** е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, дистрибуција на медиумска содржина.
ЕКОМАКС ДОО ВРЊАЧКА БАЊА, **Република Србија** нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

**Пазари на кои се однесува концентрацијата**:
Подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар во предметната концентрација да биде малопродажен пазар за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

30.12.2025 година

Скопје